РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1141/1
17-02 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на 26 - та седница одржана на ден 07.02.2020 година донесе

**Одлука**

СЕ ОТФРЛА пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси кај службено лице, пратеник во Собранието на РСМ, поради вработување на блиско лице на Клиниката за гинекологијаи акушерство во Скопје, со бр. 09-2621/1 од 08.05.2019 година, поради не потврдување на наводите од пријавата.

Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2621/1 од 08.05.2019 година.

Предметот со број 09-2621/1 од 08.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2621/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на пријава, со наводи за вработување на блиско лице како општ доктор, на службено лице, пратеник во Собранието на РСМ, на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје.

За целосно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈЗУ УК за Гинекологија и акушерство – Скопје со Барање за достава на податоци и информации, по што после добиената документација во однос на вработувањето на блиското лице, Државната комисија го констатира следното:

- ЈЗУ УК за Гинекологија и акушерство – Скопје има објавено Оглас за вработување на неопределено време за повеќе лица, меѓу кои се бараат и две лица на работно место доктор на медицина за специјализација по педијатрија.
- Формирана е Комисија за селекција на кандидати. Од нивна страна е изработен Записник, од кој може да се види дека за работното место доктор на медицина за специјализација по педијатрија пријавени се 7 лица, а само еден кандидат е со неуредна документација.
- Одржан е стручен испит и устен дел, по што следува ранг листа од кандидатите кои конкурирале на наведениот јавен оглас, изработена од страна на Комисијата за селекција на кандидати, по основ на критериумите: просек на успех што кандидатот го постигнал, стручен дел (тест) и устен дел. Од истиот список може да се констатира дека блиското лице на службеното лице е второ рангирана со вкупно 84,25 бода.
-

- ВД директорката на ЈЗУ УК за Гинекологија и акушерство – Скопје носи Одлука за избор на двајца доктори на медицина за специјализација по педијатрија по објавен Јавен оглас со која се примаат првите двајца кандидати од ранг листата.

По разгледување на доставената документација од страна на ЈЗУ УК за Гинекологија и акушерство – Скопје, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите од пријавата за постоење на влијание од страна на службеното лице при вработување на блиско лице како доктор на медицина за специјализација по педијатрија, односно нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК